## *40 ГОДИНИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

*Оваа 1986 година Филозофскиот факултет во Скопје го одбележува јубилејот — 40 години од своето постоење. Овој јубилеј се совпаѓа со прославата на уште една значајна дата од нашата културно-просветна историја: 1100 годишнината од отворањето на првата македонска просветна установа — Охридската книжевна школа, чии основоположник е Климент Охридски, еден од најпознатите ученици на творците на словенската писменост браќата Кирил и Методиј. Совпаѓањето на одбележувањето на овие крупни историски настани, иако со голема временска дистанца, е само логичен израз и потврда на историскиот континуитет на борбата на македонскиот народ за свој самостоен национален, социјален и културно-просветен развиток. Создавањето на Охридската книжевна школа, уште наречена и прв словенски универзитет, го инаугурира почетокот на културно-просветната еманципација, а создавањето на Филозофскиот факултет, пак, го означи крајот на вековната, макотрпна и нерамноправна борба на македонскиот народ за вистински слободен, национален, социјален и духовен живот и развиток.*

*Филозофскиот факултет во Скопје, како што е познато, е формиран со решение на Владата на НРМ во 1946 година, првата година на нашето слободно живеење, во услови кога сè уште се чувствуваа огромните последици од четиригодишната вооружена народноослободителна борба.*

*Историјата на создавањето на Филозофскиот факултет бележи дека подготовките за неговото отворање отпочнаа уште во текот на 1945 година со донесувањето на закон со кој се овластува Президиумот на Народното собрание на Македонија да изработи закон за организирање универзитет во Скопје, како и закон со кој се овластува Народната влада на Македонија да пропишува уредби за високите школи и академии. Во првата половина на 1946 година беше формирана посебна комисија со задача да работи на организирањето на Филозофски факултет како прва високошколска установа на идниот македонски универзитет. Во текот на месец ноември од страна на Владата на НРМ беа назначени првите осуммина наставници, конституиран првиот наставнички совет и избрана првата факултетска управа. За прв декан беше назначен професор д-р Михаил Петрушевски, а за продекан професор д-р Фран Петре. Свеченото отворање се изврши на Денот на Републиката, 29 Ноември 1946 година, а*

*првите предавања пред студентите беа одржани на 16 декември истата година. Тој ден се зема како ден на основањето и почетокот на работата на Филозофскиот факултет во Скопје, првата високошколска установа формирана во Социјалистичка Република Македонија.*

*Својата работа Филозофскиот факултет ја започна на два оддела: историско-филолошки и природно-математички. Историско-филолошкиот оддел го сочинуваа следните студиски групи: македонски јазик, југословенска книжевност, историја со историја на уметноста, романска филологија, класична филологија, филозофија со педагогија, додека, пак природно-математичкиот го сочинуваа: математика, физика, хемија, биологија и географија со етнологија.*

*Првата учебна година Филозофскиот факултет ја започна со 20 наставници и соработници и 584 студенти.*

*Основањето на Филозофскиот факултет настана сосема природно како израз на вековните стремежи и борбата на македонскиот народ за свој самостоен национален, општествен и културно-просветен развиток, чии победоносен крај дефинитивно триумфира во историскиот чин на НОБ и Социјалистичката револуција во која македонскиот народ се избори за своето природно право на слободен развиток и живеење во рамките на југословенската заедница на рамноправни народи и народности. Основањето на Филозофскиот факултет е историска придобивка од огромно национално и социјално значење. Тоа беше уште една извојувана победа во нерамноправната борба што македонскиот народ ја водеше во својата долгогодишна историја. Оваа победа не ќе беше можна ако не беа огромните усилби на нашата нова народна власт, невидениот ентузијазам на нашата тогаш малубројна универзитетска интелигенција и сестраната подршка и помош од братските југословенски народи и народности и посебно од универзитетите во Белград, Загреб и Љубљана.*

*Со формирањето на Филозофскиот факултет не само што започна процесот на развојот на високото образование во нашата република туку беа удрени и темелите на развојот на фундаменталните општествени и природно-математички науки. Со самото тоа беа создадени почетни услови нашата млада македонска наука и просвета организирано и систематски да го проучува нашето минато, сегашност и иднина во единствена целина, како и да создава високообразовни кадри што ќе ги изучуваат, а потем и распространуваат знаењата меѓу широките народни маси и младината, со цел да се надмине вековната заостанатост. Оттука и природно беше што првата македонска високошколска институција имаше наставнички карактер, што нејзината дејност превасходно беше насочена кон оспособување на педагошки кадри, за кои во тоа време се чувствуваше огромна потреба. И не случајно нашата нова социјалистичка заедница просветувањето на народот, образованието, школувањето на младата генерација го постави како примарна национална задача и една од основните претпоставки на националната и воопшто на човековата еманципација. Вековната потисничка политика (национална и социјална) спроведувана врз македонскиот народ, од нај-*

*различни страни остави поразни последици врз неговиот национален, социјален и културно-просветен развиток. Македонија, земјата во која се зароди словенската писменост, ослободувањето ја затече со 75% неписмено население. Тоа несомнено беше една од крупните пречки за натамошниот подем и напредок на македонското општество и сосема логично бараше ургентна и организирана општествена акција, а тоа, пред се, значеше оспособување на што поголем број кадри.*

*Длабоките промени што настанаа со НОБ и Социјалистичката револуција, најевидентно изразени во настојувањата за целосна демократизација на општествените и политичките односи, за потполн национален развиток на сите народи и народности во рамките на новосоздадената југословенска заедница, за создавање услови достојни на човековото живеење, на преден план ја исфрлија потребата младите генерации да се воспитуваат во духот на новите стремежи и движења врз научна марксистичка основа. Основањето на Филозофскиот факултет всушност имаше задача да одговори на овие нови предизвици.*

*Од формирањето на Филозофскиот факултет изминаа 40 години. Историски гледано, 40 години како временска рамка се кус временски период, но за македонското општество и неговиот развиток овие изминати четири децении се од огромно историско значење. Во нив македонската наука и образование, просвета и култура доживеаја вистински подем. За Филозофскиот факултет овие изминати години беа години исполнети со творечки, организирани и систематски напори насочени кон создавање на што поадекватни услови за студирање и научно-истражувачка работа, години на перманентна трансформација на видовите и облиците на наставно-образовната и научно-истражувачката работа. Од самото основање па се до денес Факултетот е во постојана динамика и подем. Брзиот економски развиток, проширувањето на материјалната и кадровска база, нараснатите потреби од високостручни кадри условија во текот на 1958 година, од него, најнапред, да се издвои Природно-математичката насока во засебен Природно-математички факултет, а во учебната 1974/75 година од филолошките научно-наставни дисциплини да се оформи Филолошки факултет. Овие два факултета кои ја започнаа својата научно-истражувачка и наставна работа во рамките на единствениот Филозофски факултет денес се афирмирани научни и високообразовни организации. Треба да се одбележи дека од Филозофскиот факултет или со негова помош беа создадени и двата наши сега афирмирани института — Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" и Институтот за национална историја. Продолжувајќи ја својата динамична развојна линија во учебните 1973/74 и 1974/75 година на Филозофскиот факултет беа основани четири нови наставно-научни студиски групи: за историја на уметноста со археологија, за психологија, за социологија и за општонародна одбрана. Од 1977 година во рамките на Филозофскиот*

*факултет работат и две катедри, Катедра за општонародна одбрана, која ја презема дејноста на поранешниот Центар за ОНО при Универзитетот, и Катедра за марксизам чија задача е да ја организира и изведува наставата по основи на марксизмот на сите високошколски организации на Универзитетот. Од учебната 1984/85 година во составот на Филозофскиот факултет работи и наставно-научната студиска група за социјални работници и социјална политика, откако претходно Вишата школа се интегрира со Факултетот. Изнесените податоци јасно зборуваат за еден мошне динамичен развиток и подем на Филозофскиот факултет за овие изминати 40 години, во кои тој израсна во интегрална научно-наставна организација на здружен труд, на која се развиваат и изучуваат голем број на фундаментални општествени науки од општо и национално значење.*

*Денес на Филозофскиот факултет научно-истражувачката работа и подготвувањето на високостручни кадри е организирано на 9 наставно научни студиски групи: филозофија, педагогија, историја, историја на уметноста со археологија, класична филологија, психологија, социологија, општонародна одбрана, социјална работа и социјална политика, како и на две катедри: за општонародна одбрана и општествена самозаштита и за марксизам.*

*Во своето 40 годишно работење Филозофскиот факултет покажа значајни остварувања во доменот на научно-истражувачката работа и образованието на високостручни кадри. Создадени се дела со трајна научна и културна вредност особено во областа на национално-историските науки. Значајни резултати се постигнати и во оспособувањето на високостручни кадри од напред наведените научни области. Досега на Филозофскиот факултет дипломирале над пет илјади студенти, а со звањето доктор на науки се здобиле 79 кандидати односно 27 кандидати со звањето магистер на науки. Бројот на студентите, наставниците и соработниците исто така, бележи перманентен пораст. Денес на Филозофскиот факултет студираат околу 3000 редовни и вонредни студенти, а во научно-истражувачката и наставна работа се вклучени 70 наставници и 31 соработник од кои 28 доктори на науки и 29 магистри.*

*Сликата на развојот на Филозофскиот факултет би била непотполна ако се остане само на согледувањето на неговиот квантитативен растеж. Во таа смисла неопходно е да се истакне дека во досегашниот свој развиток Факултетот вложуваше постојани напори целокупната своја работа перманентно да ја остварува во согласност со идејно-политичките и научно-педагошките барања. Социјалистичката самоуправна трансформација на образованието и воспитанието, најеклатантно изразена во настојувањето за што понепосредно поврзување на науката и образованието со материјалното производство и потребите на општествениот развој, беше една од основните преокупации во досегашното работење на Факултетот. Посебно треба да се одбележат напорите што Факултетот ги правеше и*

*ги прави на планот на развојот на социјалистичките општествени односи и социјалистичката самоуправна преобразба на воспитно образовниот процес. Интензивните процеси што се одвиваат во тој поглед посебно најдоа свој одраз во развојот на студентската самоуправа. Изградени се такви односи во кои студентите се рамноправен субјект во конституирањето и донесувањето на одлуки по сите суштествени прашања од дејноста на Факултетот. Натамошното продлабочување на социјалистичките самоуправни односи несомнено бара уште поголеми ангажирања на студентите како самоуправувачи, нивно вистинско вклучување во сите сегменти на дејноста што ја реализира Факултетот како научно-наставна организација.*

*Посветувајќи го овој број на Годишниот зборник на Јубилејот, во него презентираме дел од научното творештво на наставниците како прилог кон одбележувањето на 40 годишниот растеж на Факултетот.*

*М-р Киро Камберски*
*продекан на Филозофскиот*
*факултет*